ДС СМИТХ
Бр. 03-1/3326
17.09. 2024 год.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2024 ГОДИНА**

Во периодот од 01.01 до 30.06.2024 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 10.230 илјади.

Во првата половина од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба во износ од 521.097 илјади денари, кои во однос на 2023 година се намалени за 5%. Изразено во проценти, приходите на домашен пазар се намалени за 12%, додека на странскиот пазар приходите се зголемени за 6%. Најголемо влијание на намалувањето на приходите од домашен пазар е падот на продажните цени, додека зголемувањето на приходите од странски пазар се должи на зголемувањето на продажните количини. Друштвото, согласно предизвиците на домашниот и странскиот пазар, континуирано ги ревидираше финансиските планови за тековната година. Со ревидираните планови се одржуваше континуитет како на домашниот, така и на странските пазари.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 501.920 илјади денари, кои во однос на 2023 година се намалени за 9%, односно:

- Расходите по основ на суровините и материјалите се намалени за 11%, што се должи на намалените цени на хартијата како основна суровина, резултат на движењата на светските берзи;
- Вкупните трошоци за вработените се зголемени за 2% во споредба со 2023 година
- Вредносното усогласување на тековните средства е согласно сметководствените политики на Друштвото;

Во однос на претходната година, ДС Смитх АД Скопје нема промена во сметководствените политики, и изврши целосно усогласување на методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи со Групацијата.

Во споредба со последните годишни ревидирани финансиски извештаи, нема промени во кредитната задолженост на Друштвото, како и во поглед на неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни.

**ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ**

Друштво за производство и амбалажа
ДС СМИТХ
АД- Скопје 1

DS Smith - INTERNAL